РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-5255/1
03.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Јавниот радиодифузен сервис
ТВ 21-М
ТВ Канал 5
ТВ Телма
ТВ 24 Вести
ТВ Шења,
Наша ТВ
ТВ Алсат – М

За: Директорот/управителот и одговорните уредници

**Предмет: Известување за обврската за информирање на начин прилагоден за лицата со попреченост за време на Повторните локални избори**

Почитувани,

Ве потсетуваме дека согласно член 75 став 4 од Изборниот законик (ИЗ) имате обврска за време на изборната кампања за Повторните локални избори за градоначалници на општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа, што ќе се одржат на 11.01.2026 година (во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година), да известувате за изборниот процес во формат пристапен за лицата со попреченост.

Како и при другите изборни процеси, обврзани сте, користејќи знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за пристапност, дневно да прилагодите најмалку едно издание на вестите и неделно - најмалку една информативна содржина. И вестите и информативната програма треба да бидат емитувани во периодот од 16:00 до 24:00 часот.

Исто така, пред почетокот на изборната кампања, треба да ја известите Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитувате во формат пристапен за лицата со попреченост. Ве молиме ова известување да го испратите до Агенцијата најдоцна до 15 декември 2025 година на електронската адреса: izbori@avmu.mk

Агенцијата, пред почетокот на изборната кампања, согласно обврската од член 75 став 5 од ИЗ, на својата веб страница ќе ги објави податоците што ќе ги доставите за да можат граѓаните со попреченост да се информираат кои информативни изданија ќе им бидат пристапни.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје